# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

22 април 2024
Скопје
Број 6, година XIX
contact@kiselavoda.gov.mk

Скопје, Април, 2024 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за зачленување во Форум на јадранско-јонските градови ((FAIC))**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за зачленување во Форум на јадранско-јонските градови ((FAIC)), донесена на Триесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 април 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3929/1
22.04.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 15 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје (Службен весник на РМ бр. 55/04) и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода, ("Службен гласник на општина Кисела Вода" бр.1/20), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и осмата пленарна седница одржана на 12 април 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за зачленување во Форум на јадранско-јонските градови ((FAIC))**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за зачленување во Форум на јадранско-јонските градови ((FAIC)), согласно критериумите за зачленување утврдени во член 2.2. од Статутот на (FAIC).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кисела Вода”.

Број 09-3412/3
12 април 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Сопиште**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Сопиште, донесена на Триесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 април 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3929/2
22.04.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 5, став 1, член 6, член 9, став 2, алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и осмата пленарна седница одржана на 12 април 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Сопиште**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина **Кисела Вода** воспоставува меѓуопштинска соработка за вршење работи од областа на комуналната инспекција од страна на Општина Кисела Вода, за работно место Помлад комунален инспектор, за период од три месеци.

Сите поединости во врска со меѓуопштинската соработка ќе бидат дефинирани во Договорот за меѓуопштинска соработка.

**Член 2**

Со цел остварување на меѓуопштинската соработка, средствата потребни за реализација на меѓуопштинската соработка, во висина и динамика ќе бидат утврдени во меѓусебно склучениот договор и истите ќе бидат предвидени во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година и Буџетот на Општина Сопиште за 2024 година.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Градоначалникот на Општина Сопиште ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3412/4
12 април 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.07-141/8 од 15.11.2013 година и бр.07-60/8 од 14.03.2014 година ("Службен гласник на Општина Кисела Вода – Скопје" бр.11/2013 и бр.4/2014)**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.07-141/8 од 15.11.2013 година и бр.07-60/8 од 14.03.2014 година ("Службен гласник на Општина Кисела Вода – Скопје" бр.11/2013 и бр.4/2014), донесена на Триесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 април 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3929/3
22.04.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 302/20), член 15, точка 4 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04 и 158/11), член 16, став 1, точка 4 и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/20), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и осмата пленарна седница одржана на 12 април 2024 година, донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување**
**на подрачјето на Општина Кисела Вода**
**бр.07-141/8 од 15.11.2013 година и бр.07-60/8 од 14.03.2014 година**

**Член 1**

Во член 2 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кисела Вода, по точка 13 се додава нова точка 14 која гласи:

"14. Урбана опрема и подвижни направи."

**Член 2**

По поглавјето 8 Одржување на комунални уреди се додава ново Поглавје 9, кое гласи:

"**9. Урбана опрема и подвижни направи**

**Член 67**

Под урбана опрема во смисла на оваа Одлука се смета:

- Опремата за продажба на весници, сувенири, цвеќиња и сладолед;
- Опрема во функција на туристички, културни и спортски настани;
- Платформи за јавни манифестации на копно и на водена површина;
- Покриени и непокриени шанкови;
- Рекламни и информативни паноа, видео-бим и слично;
- Детски игралишта;
- Натстрешници кои се поставуваат на јавна површина;
- Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци;
- и друго.

Под подвижни направи во смисла на оваа Одлука се смета:

- Штандови, реклами и презентации;
- Колички за продажба на разни артикли;
- Самостоечки рекламни паноа;
- Печки и направи за печење костени, пуканки, пченка и слично;
- Направи за чистење чевли;

- Други направи за детски и забавни игри;
- Изложени направи кои се лотариски добивки (автомобили и слично);
- Направи (жардиниери, столбови, пречки и сл.) со кои се врши оградување на јавен простор (тротоар, пешачка патека и сл.) пред деловни објекти;
- и друго.

**Член 68**

Се забранува урбаната опрема и подвижните направи од член 67 да се поставуваат без претходно прибавено соодветно одобрение од надлежен орган согласно позитивните законски прописи.

**Член 69**

Подвижни направи не се сметаат привремено поставени направи за вршење дејност пред деловен простор, кои имаат соодветно одобрение издадено на правното или физичко лице имател на деловниот простор.

**Член 70**

Со поставување на урбаната опрема и подвижните направи не смее да се попречува или отежнува нормалното живеење во станбените објекти, нормалното вршење дејност на деловните и околните објекти, да се загрозува сигурноста и безбедноста на моторниот и пешачкиот сообраќај или да се уништуваат и узурпираат јавните, зелените и други површини.

**Член 71**

Урбаната опрема и подвижните направи може според својата намена да се постават само на места - локации на кои нема да предизвикаат зголемена бучава, нечистотија и намалување на естетскиот изглед на околниот простор.

Поодделни места на јавните и други површини покрај јавните површини на кои е одобрено поставување маси, столови, чадори за сонце и слично, со цел организирање отворени простори-тераси, мора да бидат оградени со пропишани огради и оплеменети со зеленило и украсни растенија.

Урбаната опрема и подвижните направи мора да се одржуваат чисти, уредни и исправни и по завршувањето на определениот, допуштен во издаденото одобрение, временски рок за користење истите да се отстранат од просторот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-3412/5
12 април 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација – 25 прочистувачи за воздух**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација – 25 прочистувачи за воздух, донесена на Триесет и осмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 април 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-3929/4
22.04.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34, став 1 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст („Службен на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и осмата пленарна седница одржана на 12 април 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација -**
**25 прочистувачи за воздух**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – 25 прочистувачи за воздух, од кои 20 од модел Our AIR SQ2500, за внатрешна употреба и 5 од модел Our AIR Filter Cube III, за надворешна употреба, која се дава од ЕЦОТИП ДООЕЛ Скопје, во вредност од 4.920.000,оо денари, без пресметан ДДВ.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со ЕЦОТИП ДООЕЛ Скопје во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3412/6
12 април 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-441 од 18.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2777/16 и КП 2778/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 18.03.2024 година со УП.бр.13-441 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда – А2, намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 1.6 од ДУП Расадник – блокови 1, 2, 3 и 5 (измена и дополна) Општина Кисела Вода - Скопје, објект од втора категорија, на КП 2777/16 и КП 2778/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, на инвеститорите Трговско друштво за производство, трговија и услуги Наумоска Гордана ГЛИЦ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, со седиште на ул. Копачка бр.2, Кичево, Христијан Драгослав, со стан на ул. Мирослав Крлежа бр.62-12 во Скопје, Левко Наумоски, со стан на ул. Февруарски поход бр.60-9 во Скопје, Катарина Геневска, со стан на ул. Христо Татарчев бр.13Б во Скопје, Мирослава Нановска, со стан на ул. Сава Ковачевиќ бр.13Б во Скопје и Бранислава Јаневска, со стан на ул. Сава Ковачевиќ бр.47Т-14 во Скопје – Кисела Вода и заверен е Основен проект со технички број тех.бр.88-2021/П од Септември 2021 година, изработен од проектант Љубица Будимовска Динева со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0292 од 29.12.2018 година и Дејан Паскалов со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0622 од 10.03.2019 – Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба ТАГОРА ДОО екпорт-импорт Скопје, ЕМБС 5032822, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.176/Б од 29.04.2016 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Сандра Ангелов, д.и.а.
**Согласен:**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Гоце Станкоски, д.и.а.**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-441 од 18.03.2024 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2777/16 и КП 2778/1 КО Кисела Вода 1, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 18.03.2024 година со УП.бр.13-441 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда – А2, намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 1.6 од ДУП Расадник – блокови 1, 2, 3 и 5 (измена и дополна) Општина Кисела Вода - Скопје, на КП 2777/16 и КП 2778/1 КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорите Трговско друштво за производство, трговија и услуги Наумоска Гордана ГЛИЦ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, со седиште на ул. Копачка бр.2, Кичево, Христијан Драгослав, со стан на ул. Мирослав Крлежа бр.62-12 во Скопје, Левко Наумоски, со стан на ул. Февруарски поход бр.60-9 во Скопје, Катарина Геневска, со стан на ул. Христо Татарчев бр.13Б во Скопје, Мирослава Нановска, со стан на ул. Сава Ковачевиќ бр.13Б во Скопје и Бранислава Јаневска, со стан на ул. Сава Ковачевиќ бр.47Т-14 во Скопје – Кисела Вода и заверен е Основен проект со тех.бр.88-2021/П од Септември 2021 година, изработен од проектант Љубица Будимовска Динева со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0292 од 29.12.2018 година и Дејан Паскалов со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0622 од 10.03.2019 – Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба ТАГОРА ДОО екпорт-импорт Скопје, ЕМБС 5032822, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.176/Б од 29.04.2016 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 5, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
УП.бр. 13-513 од 19.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на два последователни дена, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со на КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/3 и КП 2951/2 КО Кисела вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.03.2024 година со УП бр. 13-513 е издадено Одобрение за градба на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.3 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/3 и КП 2951/2 (стари парцели), односно КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/24, КП 2950/25 и КП 2951/6 (нови парцели) КО Кисела Вода 1, Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех.бр. О-03/2022 од Мај 2022 година, изработен од проектант Едона Абдурамани со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура, број 1.2729 од 29.03.2023 година – Друштво за градежништво, проектирање и услуги АРХ КОНЦЕПТ ДООЕЛ Струга, ЕМБС 7493690, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.986/Б од 27.10.2021 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил,
Јелена Ј. Томовска, д.и.а.

Согласен,
*Секретар на Општина Кисела Вода*
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
УП. бр. 13-513 од 19.03.2024 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи, за издавање на Одобрение за градење на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.3 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/3 и КП 2951/2 КО Кисела Вода 1, Скопје, ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со горенаведените катастарски парцели, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.03.2024 година со УП бр. 13-513 е издадено Одобрение за градење на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.3 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/3 и КП 2951/2 (стари парцели), односно КП 2950/21, КП 2950/22 КП 2950/24, КП 2950/25 и КП 2951/6 (нови парцели) КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорите Градежно трговско и услужно друштво ТРИМ И ЛУМ ДООЕЛ увоз-извоз Струга, Ленче Спасеска од Скопје, Жарко Петков од Скопје, Лазаровски Горан од Скопје, Оливера Бошковска од Брњарци, Александра Дичевска од Скопје, Љубица Блажевска од Скопје и Јулијана Дичевска - Матевска од Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех.бр. О-03/2022 од Мај 2022 година, изработен од проектант Едона Абдурамани со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура, број 1.2729 од 29.03.2023 година – Друштво за градежништво, проектирање и услуги АРХ КОНЦЕПТ ДООЕЛ Струга, ЕМБС 7493690, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.986/Б од 27.10.2021 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 6, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за зачленување во Форум на јадранско-јонските градови ((FAIC));
2. Одлука за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Сопиште;
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.07-141/8 од 15.11.2013 година и бр.07-60/8 од 14.03.2014 година ("Службен гласник на Општина Кисела Вода – Скопје" бр.11/2013 и бр.4/2014);
4. Одлука за прифаќање на донација – 25 прочистувачи за воздух;
5. Јавна објава УП бр.13-441 од 18.03.2024 година;
6. Јавна објава УП бр.13-513 од 19.03.2024 година;